Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локалната самоуправа (Службен весник на РМ бр.5/2002) и члн 25 точка 4 од Статутот на Општина Старо Нагоричане (Службен гласник на Општина Старо Нагоричане бр.9/04) и член 34 став 1 од Законот за финасирање на единиците на локална самоуправа (Сужбен весник на РМ бр.61/2004...209/2008), Советот на Општината Старо Нагоричане на својата 40-та седница одржана на ден 13.03.2020 година, донесе

**ОДЛУКА**
**За усвојување на годишен извештај**
**на Општина Старо Нагоричане за 2019 година**

**Член 1**

Советот на Општина Старо Нагоричане го усвои годишниот извештај на Општина Старо Нагоричане за 2019 година, доставен од страна на Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане и презентиран од Одделение за финансиски прашања при Општина Старо Нагоричане.

**Член 2**

Годишниот извештај на Општина Старо Нагоричане за 2019 година е составен дел на оваа одлука.

**Член 3**

Се задолжува Градоначалникот на Општина Старо Нагоричане да ја спроведе одлуката.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавување во Службен гласник на Општина Старо Нагоричане.

**Бр.08-269/11**
**13.03.2020 година**

**Совет на Општина Старо Нагоричане**
**Претседател,**
**Јовица Јанчиќ**

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОПШТИНА СТАРО НАГОРИЧАНЕ ЗА 2019 година

Врз основа на член 36 став 1 точка 2 од Законот за локална самоуправа „Службен весник на РСМ" број 5/2002 и член 25 од Статутот на ЕЛС Старо Нагоричане, како и Законот за финасирање на единиците на лпкалната самоуправа („Службен весник на РСМ" бр.61/2004,96/2004,67/2007,156/09,47/11 192/15, 209/18 и 244/19) по истекот на фискалната година се изготвува завршна сметка која се доставува до Совет на Општината и до Министерство за финасии.

Буџетот на Општина Старо Нагоричане за 2019 година изнесува 115.537.000,00 денари. Советот на Општината го има донесено на 28.12.2018 година заведен под број 08-1263/11. Во текот на годината има направено четири Одлуки за измена на распоред на средства на Буџетот на општина Старо Нагоричане и тоа под број 08-118/17 од 13.02.2019 година, број 08-590/9 од 27.06.2019 година, број 08-627/7 од 05.07.2019 година и број 08-1041/4 од 29.11.2019 година и една Одлука за проширување на средства на Буџет на Општина Старо Нагоричане за 2019 година број 08-855/23 од 30.09.2019 година.

Во текот на годината имаше два Ребаланси на Буџетот на Општина Старо Нагоричане на 28.05.2019 година под број 08-507/12 на износ од 116.380.000,00 денари и на 30.07.2019 година под број 05-683/10 на износ од 122.769.300,00 денари.

Завршната сметка на Буџет на ЕЛС Старо Нагоричане за 2019 година која се доставува до Министерство за финасии се состои од фискална табела, Биланс на планирани и реализирани приходи на ниво на ставки и Биланс на планирани и реализирани расходи на ниво на ставки и посебен дел кој ги опфаќа планираните расходи и реализираните расходи по програми. Додека завршната сметка која се доставува до Централниот регистар и Државен завод за ревизија –Скопје ги содржи реализираните приходи и расходи во тековната и во претходната година за сите сметки поодело.

Вкупните планирани приходи на сите сметки во буџетот изнесуваат 122.932.300,00 денари, а реализирани приходи изнесуваат 88.965.436,00 денари. Реализирани расходи по сите сметки изнесуваат 107.059.439 денари. Разлика помеѓу остварените вкупни приходи и приливи и реализираните расходи и одливи на консолидираниот Буџетот во износ од 4.535.589,00 денари се пренесува како прилив за 2020 година.

Покрај редовните сметки (буџетска сметка, сметка на орган на општина Старо Нагоричане, блок дотации, самофинасирачки активности, сметка на донации) преку кои се спроведува финансиското работење, општината има отворено и наменски сметки кои на крајот од годината располагаат со соодветно салдо:

-наменска сметка-агенција за државни патишта салдо со 31.12.2019г.износ од 1.200.000,00ден.
- наменска сметка-биро за регионален развој со салдо 31.12.2019.г. износ од 0,00ден.
- наменска сметка - сметка за солидарност со салдо на 31.12.2019г. износ од 50,00ден.
- наменска сметка - сметка за јавни работи со салдо на 31.12.2019г. износ од 0,00ден
-наменска сметка- сметка за финасиска подршка на ЕЛС со салдо на 31.12.2019г. износ од 0,00ден

**Учеството во вкупните приходи по оделни сметки е следно**:

- сметка на Основен буџет учествува во вкупните приходи со 51%;
- сметка на блок дотации во вкупните приходи учествува со 35% ;
- сметка на самофинансирачки активности во вкупните приходи учествува со 0,4%;
- сметка на донации во вкупните приходи учествува со 13%.

1. **ПРИХОДИ НА ОПШТИНА**

## а.Приходи на основниот буџет

На сметка на Основниот Буџет на Општината планирани се и реализирани следните приходи за 2019 година, а исто така се прикажани реализирани приходи од 2018 година.

| ПРИХОДИ | Планирано 2019 | Реализирано 2019 | %на реализа. 2019 | реализирано 2018 |
|---|---|---|---|---|
| **71- Даночни приходи** | **11.350.000** | **10.524.419** | **93** | **10.909.377** |
| 711 –данок од доход | 230.000 | 156.421 | 68 | 139.719 |
| 713- данок на имот | 6.790.000 | 6.636.958 | 98 | 7.012.925 |
| 717-даноци на спцифични услуги | 4.310.000 | 3.731.040 | 87 | 3.741.353 |
| 718-Такси за користење или дозволи за вршење на дејност | 20.000 | 0 | 0 | 15.380 |
| **72- Неданочни приходи** | **760.000** | **331.125** | **44** | **556.842** |
| 722-Такси надоместоци | 400.000 | 171.270 | 43 | 263.950 |
| 723-Административни такси и надомесроци | 0 | 7.000 | / | 12.000 |
| 724-Други владини услуги | 50.000 | 0 | 0 | 36.000 |
| 725-Други неданочни услуги | 310.000 | 152.855 | 49 | 244.892 |
| **73-Капитални приходи** | **2.613.000** | **2.348.584** | **90** | **1.612.743** |
| 731-Продажба на капитални средства | | | | |
| 733- Продажба на земјиште и нематеријални вложувања | 2.613.000 | 2.348.584 | 90 | 1.612.743 |
| **74-Трансвери и донации** | **74.959.300** | **44.563.095** | **59** | **23.318.605** |
| 741-Трансвери од други нивоа на власт | **74.959.300** | **44.563.095** | 59 | **23.318.605** |
| 742-Други општи и тековни донации | | | | |
| | | | | |
| **ВКУПНИ ПРИХОДИ** | **89.682.300** | **57.767.223** | **64** | **36.397.567** |

Вкупни планирани приходи на основниот буџет изнесуваат во апсолутен износ **89.682.300,00** денари и истите се остварени со 64%. Приходите на Основниот буџет се состојат од сопствени приходи и трансфери и донации. Сопствени приходи се даночни приходи, неданочни приходи и капитални приходи и истите во апсолутен износ 13.204.128,00 денари додека процентот на извршување со планираните сопствени приходи изнесува **90%**, а учеството на сопствените приходи во реализираните вкупни приходи на основниот буџет изнесува **23%**.

Во категорија **даночни приходи** влегува приходи од персонален данок од доход, данок на имот, данок од промет на недвижности и права, данок од наследство и подарок, локални комунална такса за истакната фирма, комунална такса за користење на улици со патнички и товарни, друмски и приклучни возила, комунална такса за користење и одржување на улично осветлување и надоместок за уредување на градежно земјиште, кои такси општинските органи ги наплатуваат од извршувањето на своите надлежности во рамките утврдени со закон. Процентот на извршување е 93% од планираните.

Во категорија на **неданочни приходи** влегуваат административни такси кои се плаќаат за списите кај органите на општината, закупнина од објекти и други неданочни приходи.

Во категорија на **капитални приходи** влегуваат приходи од нематеријални вложувања-надоместоци за концесија за експлотација на минерални суровини и по основ на простор и по основ на експлотација на минерална суровина и надоместок за детални геолошки истражувања и надоместоци по основ на легализација на бесправно изградени објекти. Капиталните приходи изнесуваат **2.348.584,00 денари** или 90% од планираните.

Следната категорија на приходи се **трансфери и донации со** 59% од планираните, додека во вкупните приходи на Основниот буџет учествуваат со 77% или во апсолутен износ изнесуваат **44.563.095,00** денари.

Во истите приходи влегуваат трансфери од буџет на РМ и фондови во износ од 3.067.621,00 денари, дотации од приход од ДДВ во износ од 17.901.471,00 денари.

## б) Приходи од блок дотации

Приходи од блок дотација кои се трансферираат од Министерството за образование преку Министерство за финасии за основните училишта се во износ од 39.667.143,00 денари или 100% во однос на планираните.

## в) Приходи од самофинансирачки активности

Приходи од самофинасирачки активности изнесуваат 483.205,00 денари тоа се сопствени приходи на училиштата по разни основи.

## г) Приходи остварени од донации по проекти

Приходи остварени од Светска Банка и Министерство за финансии – МСИП 2 (Изградба на пат во маала Еребичарци с.Младо Нагоричане и набавка на машини со приклучна механизација), Проект во ООУ„Светозар Марковиќ" Старо Нагоричане и проект во соработка со УНДП- Општинско корисна работа, во вкупен износ од 14.641.868,00 денари.

## 2.РАСХОДИ НА ОПШТИНАТА

Расходната страна на Буџетот на Општината Старо Нагоричане се планира согласно законските прописи и програмското планирање. Расходните ставки на Основниот Буџет на Општината Старо Нагоричане можат да се прикажат по видови и по сметки и по програми.

Вкупно планирани расходи изнесуваат 145.705.300,00 денари, додека реализираните расходи во апсолутен износ изнесуваат 107.059.439,00 денари или 73% од планираните.

Учество на расходите по сметки во вкупните реализирани расходи на Општината Старо Нагоричане е следно:

-расходи на сметка на основен буџет со 51%;
- расходи на сметка на блок дотација со 35% ;

- расходи на сметка на самофинасирачки активности 0,4%;
- расходи на сметка на донации 13%

## а) Расходи на основниот буџет - буџетска сметка

На сметка на Основниот буџет на Општината Старо Нагоричане прикажани се планирани и реализирани следните видови на расходи за тековната година 2019 и реализирани расходи за 2018 година.

| ВКУПНИ РАСХОДИ | Планирани расходи 2019 | Реализирани расходи 2019 | %на реализ. расходи | Реализир. расходи 2018 |
|---|---|---|---|---|
| **40 Плати наемнини и надоместоци** | **14.843.000** | **13.675.447** | **92** | **14.163.416** |
| 401 Основни плати и надоместоци | 9.791.000 | 9.053.865 | 92 | 9.604.253 |
| 402 Придонеси за социјално осигурување од работодавачите | 3.752.000 | 3.431.725 | 91 | 3.529.777 |
| 404 Надоместоци | 1.300.000 | 1.189.857 | 92 | 1.029.386 |
| **41 Резерви и недефинирани расходи** | **280.000** | **276.759** | **99** | **282.387** |
| 412 Постојана резерва(непредвидливи расходи) | 230.000 | 227.936 | 99 | 149.268 |
| 413Тековнирезерви(разновидни расходи) | 50.000 | 48.823 | 98 | 133.119 |
| **42 Стоки и услуги** | **34.905.280** | **30.154.888** | **86** | **11.288.335** |
| 420 Патни и дневни расходи | 200.000 | 47.350 | 24 | 65.376 |
| 421Комунални услуги,греење,комуникација и транспорт | 5.714.131 | 5.474.695 | 96 | 5. 488.679 |
| 423Ситенинвентар,алатидруги материјали за поправки | 1.122.891 | 1.081.189 | 96 | 624.688 |
| 424 Поправки и тековно одржување | 8.937.892 | 6.206.911 | 69 | 3.557.332 |
| 425 Договорни услуги | 15.578.559 | 14.157.222 | 91 | 633.607 |
| 426 Други тековни расходи | 2.501.807 | 2.383.011 | 95 | 704.574 |
| 427 Привремени вработувања | 850.000 | 804.510 | 95 | 214.079 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **46 Субвенции и трансфери** | **940.822** | **725.573** | **77** | **498.197** |
| 463Трансвери до невладени организации | 156.000 | 100.307 | 64 | 0 |
| 464 Разни трансфери | 784.822 | 625.266 | 80 | 498.197 |
| **47 Социјални бенефиции** | **200.000** | **173.339** | **87** | **196.335** |
| 471 Социјални надоместоци | 200.000 | 173.339 | 87 | 196.335 |
| **48 Капитални расходи** | **32.811.198** | **7.077.422** | **22** | **8.237.019** |
| 480 Купување на опрема и машини | 924.384 | 836.845 | 91 | 64.104 |
| 481 Градежни објекти | 100.000 | 32.806 | 33 | 27.199 |
| 482 Други градежни објекти | 31.041.814 | 5.887.477 | 19 | 7.422.624 |
| 483 Купување на мебел | 0 | 0 | 0 | 35.341 |
| 485 Вложувања и нефинансиски средства | 420.000 | 3.398 | 0,8 | 145.035 |
| 486 Купување на возила | 325.000 | 316.896 | 98 | 542.716 |
| **49 Отплата на главница** | **5.500.000** | **5.500.000** | **100** | 0 |
| 492Отплата на главница кон дом.институции | 5.500.000 | 5.500.000 | 100 | 0 |
| **45 Каматни плаќања** | **202.000** | **201.447** | 100 | 0 |
| 452 Каматни плаќања кон домашни кредитори | 202.000 | 201.447 | 100 | 0 |
| **ВКУПНИ РАСХОДИ** | **89.682.300** | **57.784.875** | **64** | **34.665.689** |

-**Категорија 40** - Расходи на име **плати и надоместоци** во вкупните расходи на Основниот буџет учествуваат со **24%** и истите изнесуваат **13.675.447,00** денари. Расходи на име резерви и недефинирани расходи изнесуваат **276.759,00** денари (исплати по заклуџоци од Совет во износ од 227.936,00 денари и од Програма на Градоначалник износ од 48.823,00 денари).

-**Категорија стоки и услуги** се трошоци кои се однесуваат за тековното работење на општината и истите во апсолутен износ изнесуваат **30.154.888,00** ден.или 86% од планирани. Оваа категорија на трошоци во вкупни реализирани расходи на основен буџет учествуваат 52% и ги опфаќаат следните расходи:

-**Патни и дневни** трошоци се однесуваат на патни трошоци и дневници во странство износ од 47.350,00 денари, и тоа од Програма на градоначалник 30.900,00 денари и од Програма на општинската администрација 16.450,00 денари на име патни расходи во земја.

-**Во ставка 421- комунални услуги, греење, комуникација и транспорт** која изнесува **5.474.695,00** денари спаѓаат следните трошоци:

- електрична енергија за општинската зграда и уличното осветлување во износ од 3.296.814,00 денари,
-трошок за вода во износ 160.200,00 денари,
-ѓубретарина износ од 105.000,00денари,
-телефонски услуги во износ од 399.049,00денари,
-трошок за гориво во износ 470.614,00денари,
-трошоци за материјали за греење износ од 72.953,00денари,
-трошок за регистрација на возила износ од 58.798,00денари,

-поштански трошоци износ од 297.584,00денари,
-транспорт на луѓе во износ 526.999,00 денари,
-дрва износ од 31.284,00 денари,
-транспорт на стоки износ од 35.400,00 денари,
-други комунални услуги износ од 20.000,00денари.

-**Ставката 423 изнесува 1.081.189,00** денари и ги опфаќа следните трошоци:
- канцелариски материјали, материјали за АОП, списанија износ од 256.617,00 денари,
-униформи, обувки износ од 36.110,00 денари,
-прехрамбени продукти и пијалоци износ од 397.234,00 денари,
-средства за одржување на хигиена износ од 114.324,00 денари,
-други материјали во износ од 268.584,00 денари,
-ситен инвентар износ од 8.320,00 денари.

-**Ставка 424 - Поправка и тековно одржување како трошок изнесува 6.206.911,00 денари** и ги опфаќа следните видови на трошоци:
-поправка, одржување и сервисирање на лесни возила вклучувајќи ги и резервни делови и гуми во износ од 251.500,00 денари,
-услуги за обезбедување на објект износ од 41.300,00 денари,
-поправка на противпожарно возило и друга опрема износ од 19.000,00 денари,
-дезинфекција, дезинсекција и дератизација износ од 30.750,00 денари,
-поправка и одржување на улично осветлување и други градби во износ 2.730.141,00денари,
-поправка и сервисирање на софтверска опрема во износ од 145.008,00 денари,
-одржување и делумна поправка на локални патишта износ од 2.933.484,00 денари,
- одржување на зграда и друга опрема износ од 55.728,00 денари.

-**Категорија на договорни услуги ставка 425 изнесува 14.157.222,00 денари** и во истите влегуваат следните видови на трошоци:
- осигурителни услуги за недвижности и права и моторни возила во износ од 65.338,00 денари,
- правни услуги во износ од 113.885,00 денари,
- судски вештачења и судски такси износ од 23.475,00 денари,
- изработка на просторни и урбанистички планови износ од 35.400,00 денари,
- превозни услуги во образованието во износ од 13.472.830,00 денари,
-услуги за копирање, печатење и издавање во износ од 92.047,00 денари,
-научно истражување во износ од 240.720,00 денари,
- договорни услуги (ангажирање на физички лица по договор за дело) во износ од 113.527,00 денари.

-**Во ставка 426-Други тековни расходи вкупен износ изнесува 2.383.011,00 денари** спаѓаат следниве видови на трошоци :
-расходи за репрезентација во износ од 1.619.505,00 денари,
-други оперативни расходи во износ од 250.825,00 денари во кои спаѓаат:реклами, нотарски услуги, катастарски услуги, надоместок за завршна сметка, цвеќе, плаќање на токен, правење на печати и др.
-семинари и конференции износ од 46.150,00 денари,
-објавување на огласи 69.660,00 денари,
-членарини во домашни организации износ од 396.871,00 денари.

-**Ставка 427- привремени вработувања** изнесува 804.510,00 денари.

-**Субвенции и трансфери:**

-**ставка 463** - се со реализација 64% од планираните и во апсолутен износ изнесуваат **100.307,00** денари и тоа:
-трансфери до здруженија на граѓани износ од 20.000,00 денари,
-трансфери до спортски клубови износ од 30.000,00 денари,
-трансфери до политички партии износ од 30.307,00 денари
-останати трансфери до невладини организации износ од 20.000,00 денари.
-**ставка 464** – се со реализација 80% од планираните и во апсолутен износ изнесуваат **625.266,00** денари и тоа:
- стипендии за студенти во износ од 65.884,00 денари,
- плаќање по судски решенија во износ од 19.215,00 денари,
-трансфери при пензионирање износ од 198.508,00 денари,
-други трансфери (патронати на оoу, помош до здруженија) во износ од 341.659,00 денари.

-**Социјални бенифиции (надоместоци) ставка 471**- се однесуваат за исплатени надоместоци за секое новороденче согласно Одлуката на Совет на општината во износ од **173.339,00** денари.
-**Капитални расходи** изнесуваат 22% од планираните односно во апсолутен износ **7.077.422,00** денари или нивно учество во вкупните расходи на основниот буџет е 12% додека 88% се однесуваат за други тековни расходи.
-**Отплата на главница ставка 492**- вкупен износ од **5.500.000,00** денари за краткорочен кредит од Македонска Банка за поддршка на развој
-**Каматни плаќања ставка 452**- вкупен износ од **201.447,00** денари за платена камата за кредит од МБПР.

## б)Расходите од сметка блок дотации

Расходите од сметка блок дотации изнесуваат **39.667.143,00 денари** и тоа
- за бруто плати на буџетските корисници износ од 33.233.097,00 денари со учество од 84% во вкупните расходи,
- за материјални трошоци расходите изнесуваат во износ од 6.434.046,00 денари,
-најголемо учество во материјалните трошоци имаат договорните услуги за превоз на ученици и тоа 64% или во апсолутен износ 4.132.524,00 денари, а други расходи се:
-течни горива износ од 534.600,00 денари,
-дрва износ од 213.236,00 денари,
-прехрамбени продукти износ од 249.223,00 денари,
-електрична енергија во износ од 498.291,00 денари,
-вода и канализација 32.931,00 денари,
-телефон 146.579,00 денари,
-канцелариски материјали во износ од 81.267,00 денари,
-материјали за разни поправки износ од 58.892,00 денари,
-дезинфекција и дератизација износ од 36.800,00 денари,
- консултантски услуги износ од 28.500,00 денари,
- одржување на софтверска и хардверска опрема и друга опрема износ 77.980,00 денари,
-здравствени услуги износ од 14.100,00 денари,
-правни услуги износ од 103.740,00 денари,
-средства за одржување на хигиена и училишни материјали износ од 105.520,00 денари,
-објавување на огласи износ од 119.863,00 денари.

## в)Расходи од сметка на самофинансирачки активности за трите основни училишта

-потрошени се 466.153,00 денари и тоа за прехрамбени продукти 438.359,00 денари за кифли на ученици, а остатокот од 27.794,00 денари за комунални услуги, осигурување, канцелариски материјали, пошта, телефон.

## д)Расходи на сметка од донација

-Во 2019 година се направени расходи по проект „Изградба на патен правец до маала Еребичарци во Младо Нагоричане и набавка на ровокопач/багер со придружна опрема" финасиран од Светска Банка и Министерство за финансии во износ од 14.267.907,00 денари и тоа следните расходи:
-изградба на локален пат во маала Еребичарци – Младо Нагоричане износ од 6.877.073,00 денари,
-купување на други машини и опрема износ од 7.390.834,00 денари.

-По проектот „Про креирање можности за сите" Општинско корисна работа – Резултат 2, во соработка со УНДП и општина Старо Нагоричане се реализирани расходи во износ од 162.000,00 денари и тоа за договорни услуги за надоместок на шест ангажирани лица во проектот.

-ООУ„Светозар Марковиќ" Старо Нагоричане има добиено проект финансиран од Фондација Отворено општество - Македонија, за што се направени расходи во износ од 211.361,00 денари и тоа за:
-материјали и договорни услуги износ од 63.956,00 денари и
-купување на опрема износ од 147.405,00 денари.

## 3.Извештај за средства, побарувања, обврски и извори на средства и нивна вредност - сметка орган и буџет на општина

При изготвување на завршната сметка за 2019 година, освен Билансот на приходи и расходи се изготвува и Билас на состојба во кој се искажуваат средствата и изворите на средствата, односно во Актива се искажуваат средства со кои располага општината, а во Пасива се искажуваат извори на средствата. Општината располага со постојани средства-материјални средства со сегашна вредност во износ од **103.532.296,00** денари од кои:
- материјални средства со кои располага општината во износ од 5.145.163,00 денари,
- други капитални вложувања (патишта , водоводи и игралиште ) во износ од 70.843.264,00 денари,
- општинска зграда и стара школа и задружен дом – Младо Нагоричане со сегашна вредност од 27.543.869,00 денари

-Материјални средства во подготовка во износ од 8.283.731,00 денари (водовод Младо Нагоричане, Жегљане,плоштад во Младо Нагоричане и пат во с. Сув Ора).
-Залиха на материјали и ситен инвентар во магацин со 31.12.2019 година изнесуваат 716.515,00 денари.

Вонбилансна евиденција што се води во книговодство за имот за кој општината нема имотни листови изнесува 19.464.466,00 денари (задружен дом Бајловце, Никуљане, Пелинце, Челопек, Стрезовце, како и месни заедници Руѓинце, Орах, Степанце, Пелинце, ловачки дом и двор Дејловце и др).

Вкупните побарувања состојба 31.12.2019 година изнесуваат **4.551.501,00** денари од кои :
- за закупнина на објекти износ од 25.200,00 денари,
-по основ на побарување од граѓани – данок на имот 3.060.653,00 денари за физички лица и правни лица износ од 181.177,00 денари,
- побарување од правни лица по основ на комунална такса – фирмарина 1.090.494,00 денари,
- побарувања по основ на данок на промет на недвижности и наследство и подарок во износ од 192.717,00 денари,
-побарување од вработени износ од 1.260,00 денари.

Вкупни обврски на општината со 31.12.2019 година изнесуваат **30.060.896,00 денари** од кои :

- обврски спрема добавувачи во земја во износ од 29.882.959,00 денари
- обврси по основ на погрешно уплатени средства износ од 177.937,00 денари.

## 4.Извештај за реализација на инвестиционите програми односно – капитални расходи

Капиталните расходи (планираните) како што се искажани во прегледот изнесуваат **32.811.198,00** денари на сметка на основниот буџет, а се остварени во износ од **7.077.422,00** денари односно **22%** од планираните.

**Капиталните расходи ги сочинуваат следните инвестиции:**

- купување на информатичка опрема износ од 65.900,00 денари,
-купување на друга опрема износ од 407.748,00 денари,
-купување на други машини износ од 363.197,00 денари,
-реконструкција на деловни објекти износ од 32.806,00 денари,
-подготвување на проекти за патишта износ од 472.648,00 денари,
-изградба на патишта износ од 3.820.585,00 денари (Бајловце – Цвиланце, и други)
-надзор над изградба 1.024.545,00 денари,
-надоместок за одземен имот 3.398,00 денари,
-купување на моторно возило износ од 316.896,00 денари,
-реконструкција на други објекти износ од 72.334,00 денари,
-подготвување на проекти дизајн на други објекти износ од 479.237,00 денари
- подготвување на проекти дизајн на капацитети за водоснабдување износ од 18.128,00 денари.

## 5.Извештај за користење на финасиски средства од резерви и недефинирани расходи

**Од ставка резерва (постојана и тековна резерва) се потрошени** 99% од планираните или во апсолутен износ од **276.759,00** денари и тоа од Програма АО –Совет на Општина износ од 227.936,00 денари и Програма ДО –Градоначалник износ од 48.823,00 денари.

**Програма АО –Совет на Општина**

| Ред. Бр: | Име и презиме | износ | забелешка |
|---|---|---|---|
| 1 | Синиша Величковски | 3.151,00 | Финансиска помош |
| 2 | Помош за изградба на црква во с.Алгуња | 30. 000,00 | Финансиска помош |
| 3 | Светозар Додевски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 4 | Габриела Иванова | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 5 | Новко Стојковиќ | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 6 | Стојча Каранфиловски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 7 | Јасмин Каранфиловски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 8 | Јовица Димитијевиќ | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 9 | Гоце Спасовски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 10 | Злате Јакимовски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 11 | Помош за Обединета Српска Заедница | 10.000,00 | Финансиска помош |
| 12 | Ацо Јовановски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 13 | Ивана Бојковска | 35.294,00 | Финансиска помош за дете |
| 14 | Зоран Ѓоргиевски | 3.529,00 | Финансиска помош |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 15 | Зоран Лазаревски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 16 | Маријана Тонева | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 17 | Правда Стојковска | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 18 | Срѓан Стевановиќ | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 19 | Мика Младеновиќ | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 20 | Зоран Стефановски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 21 | Зоран Ѓоргиевски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 22 | Лирије Ѓоргиевска | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 23 | Дејан Петковски | 29.500,00 | Градежни материјали |
| 24 | Бора Милошевски | 17.647,00 | Финансиска помош |
| 25 | Мица Станојковска | 7.059,00 | Финансиска помош |
| 26 | Воја Лазаревски | 17.647,00 | Финансиска помош |
| 27 | Стеве Величковски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 28 | Јовица Димитријевиќ | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 29 | Чедомир Насковиќ | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 30 | Алкета Буци | 3.529,00 | Финансиска помош |
| | **Вкупно** | **227.936,00** | |

**Програма ДО –Градоначалник**

| **Ред. Бр:** | **Име и презиме** | **износ** | **забелешка** |
|---|---|---|---|
| 1 | Даниел Петрушевски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 2 | М.З. Стрновац | 11.765,00 | Финансиска помош-канал |
| 3 | Заре Јордановски | 3.529,00 | Финансиска помош |
| 4 | Весна Цветковиќ | 30.000,00 | Посмртнина за сопруг |
| | **Вкупно** | **48.823,00** | |

**Изготвил,**
**Одделение за финасиски прашања**
**Тина Костовска**

**Дата 12.03.2020 година**